Funded by
the European Union

SEESAC

UNDP

# ПРИРАЧНИК
# ЗА ПРОЦЕНКА И ОДГОВОР НА РИЗИЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

GENDER AND SALW CONTROL: KNOW HOW SERIES

Центарот за контрола на малото и лесно оружје на Југоисточна и Источна Европа (SEESAC) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) и на Советот за регионална соработка (RCC) за зајакнување на националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје, со што придонесува за поголема стабилност, безбедност и развој во Југоисточна и Источна Европа.

Оваа публикација беше создадена во рамки на регионалниот проект *Поддршка за зајакнување на борбата против незаконското поседување, злоупотреба и трговија на мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан (IPA/2021/425-067) финансиран од Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување на Европската Комисија, преку Инструментот за претпристапна помош.*

За дополнителни информации, ве молиме обратете се до:
Раководителот на СЕЕСАК
Булевар Зорана Ѓинѓича 64, 11000 Белград, Србија
Тел: +381 11 415 5300
www.seesac.org

***Оградување од одговорност:*** За ставовите изразени во овој документ не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија. Ознаките што се користат и претставувањето на материјалот во оваа публикација не ги подразбираат ставовите на Програмата за развој на Обединетите нации, Советот за регионална соработка или Европската Унија во врска со: 1) правниот статус на која било земја, територија или област, или на нејзините надлежни органи или вооружени групи; или 2) определувањето на нејзините граници.

Уредници: Јасминка Фришчиќ, главен експерт и Драган Божаниќ, Проектен аналитичар за род и истражувања на СЕЕСАК
Превод: Игор Стефаноски
Дизајн и распоред: Иван Ќулафиќ
Испечатил: Биграф Плус, Белград
Место и година на издавање: Белград, 2024 година
Тираж: 50 копии
ISBN-978-86-7728-366-7

@ SEESAC 2024. Сите права се задржани.

# **ПРИРАЧНИК**
# ЗА ПРОЦЕНКА И ОДГОВОР НА РИЗИЦИТЕ ПОВРЗАНИ СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ОГНЕНО ОРУЖЈЕ ВО СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**GENDER AND SALW CONTROL: KNOW HOW SERIES**

# Признанија

Сакаме да ја изразиме нашата благодарност до бројните експерти кои придонесоа кон подготовката на прирачниците, вклучувајќи ги следните:

Експерти: Јасминка Фришчиќ (главен експерт, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените), Косана Бекер (Фемплац), Елона Дини (УНДП Албанија), Маја Бранковиќ Ѓунѓиќ (УНДП Србија).

Членови на Работната група и претставници на сектори кои работат со семејно насилство: Снежана Вујовиќ, Александар Марковиќ, Алма Хот, Дејан Богавац, Бехар Рамадани, Зилфије Дема, Миљазим Говори, Синиша Косариќ, Енес Софтиќ, Слободан Јанковиќ, Анкица Димовска, Александра Дечковска, Ненад Миленковски, Дурата Мехмети, Ериселда Долани, Хике Цара, Пашко Пехар.

Претставници од министерствата за внатрешни работи и полиција кои учествуваа во дискусиите на фокус групите: Елса Зилифтари, Агрон Под Гега, Фатма Калеми, Решат Калачи, Кастриот Ѓонгецој, Јулијан Цано, Силвија Бинај, Тајар Хисенај, Адева Конди, Дурата Мехмети, Елена Хасанаго, Ерба Лека, Ериселда Долани, Линдита Лушаку, Олдијан Личи, Валбона Рапак, Мирослав Косиќ, Хрвоје Пашалиќ, Јасмина Чуњало, Антонија Ковачевиќ, Амир Куко, Кристијан Краљевиќ, Калила Хргиќ, Крешимир Косиќ, Муамер Бајровиќ, Един Мусиќ, Самела Рибо, Звонимир Брниќ, Агрон Малики, Бајрам Адеми, Лорита Бејтулаху-Претени, Рамадан Ахмети, Сами Хасанај, Сефер Мухадим, Блерим Н. Красники, Миљазим Говори, Бехџет Красники, Есат Малики, Мукадеше Гоголи-Малоку, Шемсие Јонузај, Џемиле Бехлули, Мирјана Цветкоска, Емилија Дамчевска, Деан Стаматовски, Нермине Изаири, Татјана Ѓуровска, Демиралија Фејзо, Билјана Јакимовска, Стефан Михајловиќ, Виолета Трпчевска, Александра Дечковска, Зулфи Абдули, Бурим Адеми, Ненад Дејаноски, Селман Селмановски, Никола Ѓорѓевски, Астрит Аслани, Снежана Вујовиќ, Алма Хот, Данијела Рајевиќ, Дејан Богавац, Ермила Вујошевиќ, Јасминка Лубодер, Босиљка Паликуќа, Билјана Вукчевиќ, Драгана Јовиќевиќ, Драгица Калезиќ, Јована Нишавиќ, Ранка Јовановиќ.

Претставници на организациите на жени од регионот кои учествува во дискусиите во рамките на фокус групите: Аурела Бозо, Центар за правни граѓански иницијативи, Општина Тирана, Марсела Алмука и Маринела Мучобега, Шелтер „Едлира Хаџијмери“, Мерсида Мале (Башалиу), Друштво за правна помош Тирана, TLAS,

Стела Танелари, Различни и еднакви, Ањеза Бојаџиу, Координиран механизам за упатување за случаи на семејно насилство (CRM), Амра Бегановиќ, Медика Зеница, Мерсиха Локванчиќ, Фондација за локална демократија, Радмила Жигиќ и Мирзета Томљановиќ, Фондација „Лара“ Бјелина, Горица Ивиќ и Андреа Бузаџија, Фондација „Здружени жени“ Бања Лука, Елмедина Сејдиу, Центар за заштита на жени и деца, Елена Димушевска, Национална мрежа против насилството врз жените и семејно насилство, Наташа Петковска, Хелсиншки комитет за човекови права, Јасна Оровчанец Арангеловиќ, Македонско здружение на млади правници (МЗМП), Леонора Дукај, „Безбеден живот Тузи“, Наташа Меѓедовиќ и Нада Копривица, СОС телефон за жени и деца жртви на насилство Никшиќ, Тијана Вуксановиќ, Јована Мирковиќ и Нада Јеловац, Сигурна женска куќа, Зорица Конатар, Центар за женски права.

Преку консултации и стручна ревизија, придонес на развојот на Прирачникот дадоа и претставниците на следните женски организации: СОС линија за помош на жени и деца жртви на насилство Никшиќ, Сигурна женска куќа Подгорица, Шелтер „Едлира Хаџијмери’’ Тирана, Фондација „Здружени жени“ Бања Лука и Фондација „Лара“ Бијељина.

Следните членови и членки на тимот на SEESAC исто така дадоа придонес за изработката на Прирачникот: Ален Лапон, главен технички советник, Јулиана Бузи, координатор за регионална соработка, Весна Ципруш, сениор советник за родови прашања, Татјана Вишацки, проектен аналитичар, Виолета Гаши, програмски соработник, и Јана Илиќ, програмски асистент.

# Содржина


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Вовед | 6 |
| **1.1** | Подготовка на Прирачникот | 6 |
| **1.2** | Огненото оружје како фактор на ризик во контекст на семејното насилство | 8 |
| **1.3** | Зошто ни е потребен овој Прирачник? | 15 |
| **Рамка 1:** | Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство и проценка на ризиците | 16 |
| **2.** | Преглед на Прирачникот | 17 |
| **2.1** | Цел на Прирачникот | 17 |
| **2.2** | Кому е наменет Прирачникот? | 18 |
| **2.3** | Начела | 18 |
| **2.4** | Содржина на Прирачникот | 19 |
| **Чекор 1:** | Индиции за високоризични интервенции | 21 |
| **Чекор 2:** | Прием на пријава за семејно насилство | 25 |
| **Чекор 3:** | Проценка на ризици | 29 |
| **А)** | Сторителот или друг член на домаќинството законски поседува оружје | 30 |
| **Б)** | Сторителот или друг член на домаќинството незаконски поседува оружје | 31 |
| **Рамка 2:** | Нови технологии - 3Д печатење | 33 |
| **В)** | Сторителот има пристап до огнено оружје како дел од професионалното занимање и обучен е да ракува со оружјето | 34 |
| **Г)** | Сторителот се заканува дека ќе употреби огнено оружје | 34 |
| **Д)** | Визуелни знаци за (не)законско поседување огнено оружје | 34 |
| **Рамка 3:** | Проверка на социјалните медиуми и употребата на интернет | 36 |
| **Чекор 4:** | Интервенција | 39 |
| **А)** | Осигурување на личната безбедност и безбедноста на жртвите | 40 |
| **Б)** | Обезбедување и пронаоѓање траги на криминални дејства и огнено оружје | 41 |
| **В)** | Одземање на огнено оружје | 41 |
| **Г)** | Огнено оружје кое незаконски се поседува | 42 |
| **Д)** | Присуство на експлозиви и експлозивни уреди | 43 |
| **Чекор 5:** | По инцидентот: Постапување со огнено оружје | 45 |

# 1. Вовед

## 1.1 Подготовка на Прирачникот

Во рамките на регионалниот проект *„Поддршка за* зајакнување на борбата против незаконското поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје (МЛО) во Западен Балкан“, финансиран од страна на Европската комисија, Генералниот директорат за соседство и преговори за проширување, преку Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) SEESAC обезбедува поддршка за властите во Западен Балкан за интегрирање на родовата перспектива во мерките за контрола на МЛО. Во рамките на овој контекст се спроведува сеопфатен пакет активности за да се зајакне институционалниот одговор на злоупотребата на оружје во случаите на семејното насилство.

Со цел да се зајакнат институционалните капацитети за адекватно откривање и проценка на ризиците поврзани со присуството и употребата на огнено оружје во семејното насилство, SEESAC го започна развојот на Прирачникот за полициските службеници/чки за насоки за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотребата на огнено оружје во случаи на семејно насилство. За да се развие Прирачникот, но и за да се спроведат регионални анализи за употребата на огненото оружје во случаите на семејно насилство, во 2022 година SEESAC покрена иницијатива за формирање на Регионална работна група за спречување на злоупотребата на оружје во семејното насилство, во соработка со министерствата за внатрешни работи и полициските директорати во Западен Балкан.

Првиот состанок на Работната група беше организиран во Подгорица од 23 до 24 ноември 2022 година. На состанокот присуствуваа претставници од сектори кои работат во областа на семејно насилство и секторот за аналитика од пет јурисдикции во Западен Балкан: Подгорица, Приштина, Сараево, Скопје и Тирана.[1] Во текот на состанокот, Работната група ја разгледа методологијата за регионална анализа на огненото оружје и семејното насилство, разговараше за главните предизвици во однос на превенцијата на злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство и иницираше подготовка на Прирачникот за насоки за проценка и одговор на ризиците за злоупотреба на огненото оружје во семејното насилство.

**1** Со оглед на тоа што слични алатки се веќе креирани од страна на властите во Белград со поддршка од УНДП Србија преку проектот *Намали го ризикот – Зголеми ја безбедноста – Кон намалување на злоупотребата на МЛО во контекст на семејно насилство*, претставниците од Белград не учествуваа во активностите на Работната група, но добрите практики развиени во рамките на наведениот проект се претставени на Работната група и интегрирани се во Прирачникот.

Со цел да се согледаат ризиците поврзани со присуството на огнено оружје во семејно насилство на сеопфатен начин, беа организирани петнаесет (15) фокус групи за да се дискутира за начинот на кој соодветно би се разгледале ризиците поврзани со присуството на огненото оружје во контекст на семејното насилство. Фокус групите се одржаа во Сараево од 21 до 23 март, Тирана од 28 до 30 март, Подгорица од 4 до 6 април, Приштина од 12 до 14 април и во Скопје од 25 до 27 април. Во секој град се организираа три фокус групи со претставници од организации на жени (учествуваа вкупно 17 организации), полициски службеници кои работат на одобрување дозволи за огнено оружје (33) и службеници кои постапуваат по случаите на семејно насилство (35). По одржаните разговори во фокус групите изготвени се 15 сеопфатни извештаи кои беа употребени за подготовка на Прирачникот.

Вториот состанок се одржа во Драч, од 23 до 25 мај 2023 година. Во текот на тридневниот состанок, членовите на работните групи ги разгледаа клучните наоди од дискусиите на фокус групите и детално разговараа за главните проблеми и за практичните мерки за превенција на злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство.

Врз основа на информациите од Работната група, добрите практики кои се веќе воспоставени во регионот, како и наодите од фокус групата, SEESAC подготви нацрт Прирачник со кој се утврдува структурата и содржината и се наведуваат главните чекори и насоки кои треба да се преземат за да се осигури дека соодветно се проценуваат и разрешуваат ризиците кои се поврзани со присуството на огнено оружје во контекст на семејното насилство.

Во ноември и декември 2023 година, SEESAC организираше консултативни средби со членовите и членките на Работната група каде беше претставен нацрт Прирачникот. На овие средби, членовите и членките изнесоа предлози за унапредување на Прирачникот, особено од аспект на неговата практична употребливост. Одржани се и консултации со женски организации со цел дополнително да се согледаат мерките предложени во Прирачникот од перспектива на безбедноста на жените жртви на семејно насилство.

При изработката на Прирачникот, користен е широк опсег на добри практики во оваа област, вклучително и информации и сознанија добиени од проектот *Намали го ризикот – Зголеми ја безбедноста – Кон намалување на злоупотребата на МЛО во контекст на семејно насилство*, спроведен од страна на УНДП Србија, како и прегледот на документацијата извршен за да се поддржи развојот на Прирачникот.

## 1.2 Огненото оружје како фактор на ризик во контекст на семејното насилство

Злоупотребата на огнено оружје претставува сериозна закана за безбедноста на граѓаните во Западен Балкан, и тоа и за жените, и за мажите. Го поттикнува семејното насилство и криминалот и ја поткопува стабилноста, со што се попречува севкупниот општествен развој.

Различното влијание од злоупотребата на огнено оружје врз жените и мажите е очигледно и поткрепено со соодветни истражувања. 99% од сторителите на инциденти со огнено оружје се мажи. Мажите исто така се најголемиот број на жртви од инциденти со огнено оружје, со 81% споредено со 19% жени жртви. Најголемиот број од лицата кои умираат како резултат на самоубиство се мажи, особено со употреба на огнено оружје.

Иако мажите се најзагрозени во контекст на вршење на криминални дејствија или јавни расправии, жените се непропорционално погодени од злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство.

Соодветното разбирање на корените за семејното насилство, неговата динамика, манифестација и родово заснована природа, како и непропорционалното влијание врз жените претставува основен предуслов за ефективна превенција на злоупотребата на огнено оружје во контекст на семејното насилство.

### Семејно насилство[1]

**Семејното насилство** е присутно насекаде и ја претставува најшироко распространетата форма на насилство. Вклучува дела на физичко, сексуално, психолошко или економско насилство кое се случува во семејството или во семејна единица или меѓу поранешни или сегашни сопружници или партнери, без оглед на тоа дали сторителот има или нема исто место на престој со жртвата. Иако семејното насилство може да им се случи и на жените и на мажите, има непропорционално влијание врз жените. **Се разликува од другите типови на насилство со тоа што е родово базирано, односно насочено е директно кон жената затоа што е жена или диспропорционално повеќе ги погодува жените.**

Родово базирано насилство претставува кривично дело и кршење на човековите права, правото на живот, слободата, безбедноста, достоинството, недискриминацијата и рамноправноста на жените и мажите, како и физичкиот и духовниот интегритет.

Насилството врз жените означува кршење на човековите права, облик на дискриминација на жените и ги вклучува сите дела на родово базирано насилство кои доведуваат или можат да доведат до физичка, психичка или економска повреда односно страдање за жените, а ги опфаќа и заканите за таквите дела, принуда, односно арбитрарно лишување од слобода, било во јавност или во приватниот живот.

Шемите и  причините на виктимизацијата на жените и мажите во семеен контекст значително се разликуваат. Во рамките на семејниот контекст, жените се во поголем ризик од насилство од страна на интимните партнери, сегашни или поранешни, додека мажите се главно во ризик од другите главно машки членови на семејството. Насилството врз мажите обично не е родово базирано и поврзано е со семејни спорови, имотни прашања, меѓугенерациско насилство, итн.

Најекстремната и крајна форма на насилство врз жените е **фемицидот** (познат и како феминицид), односно **намерно родово мотивирано убиство на жени** и девојки. **Фемицидот подразбира убиство на жена од страна на маж кое е мотивирано со омраза кон жените, презир, задоволство, чувство на сопственост и моќ врз жените.**

Семејното насилство, а особено насилството од интимен партнер извршено од страна на мажи, претставува начин на однесување што се користи за стекнување или одржување на моќ и контрола врз интимниот партнер. Поради тоа, **семејното насилство секогаш претставува злоупотреба на моќта и контролата од страна на сторителот, кој користи различни дејствија** за да го контролира или доминира својот интимен партнер. Таквите дејствија вклучуваат принуда и закани, емотивна злоупотреба, изолација, заплашување, користење на машката привилегија[2] и влијанието врз децата за да се стекне и одржи контрола на партнерот.

Насилството врз жените од страна на мажите често се оправдува со социјалните и културните ставови, норми и очекувања кои се основа за употребата на насилство од мажите за да се одржи моќта и контролата врз нивниот партнер или поранешен партнер. Истражувањата го поврзуваат семејното насилство со општественото прифаќање на машката доминација, стереотипите на родовите улоги и нормализацијата на насилството како начин за решавање конфликти. **Родовите стереотипи можат да го поттикнат насилството врз жените, како и поседувањето и употребата на оружје,**

2 **Машка привилегија** е систем на предности или права кои им се достапни на мажите врз основа на нивниот пол и се базира на идејата и практиката на машката доминација врз жените. Со системската потчинетост на жените, мажите добиваат економски, политички, социјални, образовни и практични предности кои се повеќе или помалку недостапни за жените. Семејното насилство може да ја продолжи машката привилегијата во денешното општество. Се зајакнува позицијата на моќ која мажите се смета дека ја имаат, поради што жените и понатаму страдаат од последиците. Машката привилегија се гледа преку начините на кои жените се објективизираат и се смета дека имаат улога да ги опслужуваат потребите на мажите. Мажите може да мислат дека имаат право на контрола над жените. Ова создава чувство на авторитет што се манифестира како принуда, казнување и контрола (Извор: Семејно насилство и машка привилегија).

**додека распространетоста на позитивните ставови кон поседувањето оружје во заедницата може да ги попречи заложбите за потиснување на семејното насилство кое вклучува огнено оружје.**

Инцидентите со семејно насилство ретко се изолирани и најчесто ескалираат во однос на зачестеноста и сериозноста, а потенцијално кулминираат со сериозна физичка повреда или смрт. Поради тоа, за да се овозможи превенција, од клучна важност е да се разбере динамиката и фазите на семејното насилство.

Пристапот кон превенцијата и интервенцијата треба да ја има предвид комплексната динамика на насилството врз жените во семејството како родово условено насилство. Во согласност со тоа, потребно е да се обезбеди поддршка на жртвата во сите фази, како и фокусот да се стави на препознавањето и спречувањето на ескалацијата на насилството.

## Степен на проблемот

Во истражувањето спроведено од ОБСЕ[ii] сеопфатно е утврден степенот на проблемот, како и преваленцијата на различните форми на насилство врз жените, вклучително и во Западен Балкан. 70% од жените во истражувањето имале искуство со некаква форма на насилство во периодот по 15 годишна возраст, додека 31% имале искуство со некоја форма на насилство во периодот од 12 месеци пред спроведувањето на истражувањето. Речиси една четвртина од жените од истражувањето (23%) имале искуство со физичко и/или сексуално насилство извршено од интимен партнер, додека 60% имале искуство со психолошко насилство извршено од интимен партнер. Речиси половина од жените имале искуство со најмалку една форма на сексуално вознемирување, а 10% од жените имале искуство со следење. Во истото истражување документирано е и ниското ниво на пријавување на насилството врз жените. Само 7% од жените директно ѝ се обратиле на полицијата по настанување на најсериозен инцидент на насилство сторен од сегашен партнер, додека 15% тоа го направиле во случаи со насилство извршено од претходен партнер.

Како што е документирано со анализата на SEESAC, убиство во семејството е најчестата форма на фемицид во регионот. 61% од вкупно убиените жени во Југоисточна Европа (ЈИЕ) биле убиени од член на семејството, во споредба со 12,4% од вкупно убиените мажи. Жените се во особен ризик од насилство од интимен партнер, каде што 38,6% од вкупно убиените жени во ЈИЕ и 1,2% од вкупно убиените мажи во ЈИЕ се убиени од интимен партнер.

При извршување на семејно насилство, најчесто се користи огнено оружје. Според

истражувањето спроведено во регионот, 37,7% од убиствата извршени од членови на семејство биле извршени со огнено оружје, додека 43,5% од сите жени убиени од интимен партнер во Југоисточна Европа биле убиени со огнено оружје.

Огненото оружје се користи и како средство за нанесување други форми на родово базирано насилство како што е физичко, психолошко и сексуално насилство, вклучувајќи силување и сексуална злоупотреба, емоционална повреда, заплашување, принуда, како и економско насилство. Иако овие форми на насилство најчесто претходат на настани со фатален исход, податоците за злоупотребата на оружјето во споменатиот контекст сепак се оскудни.

Последната анализа на SEESAC ја потврдува поврзаноста на семејното насилство со огненото оружје и уште повеќе укажува на зголемување на степенот на употреба. Од 2019 до 2021 година, во Југоисточна Европа повеќе лица се убиени со огнено оружје во контекст на семејно насилство (101) отколку во каков било друг вид на инцидент, вклучително и при вршење на криминал (93), јавни расправии (93) и престрелки без утврдена причина (87).

**Убиства сторени со огнено оружје во Југоисточна Европа, според видот на инцидент, полот и годината:**

| Вид на инцидент | 2019 | | 2020 | | 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени |
| Семејно насилство | 11 | 18 | 17 | 24 | 9 | 22 |
| Криминал | 28 | 4 | 28 | 0 | 30 | 3 |
| Јавни расправии | 33 | 1 | 26 | 0 | 33 | 0 |
| Престрелки без утврдена причина | 24 | 3 | 32 | 2 | 24 | 2 |

Од вкупно 83 жени убиени со огнено оружје во ЈИЕ, (77%) од нив, односно 64 жени биле убиени во контекст на семејно насилство, додека кај мажите процентот е (10%), односно 37 мажи од вкупно 361 биле убиени со огнено оружје. Во контекст на семејно насилство, жените се во поголем ризик од употреба на огнено оружје од страна на нивните сегашни или поранешни интимни партнери. Следствено, 47 или (57%) од вкупно убиените жени со огнено оружје биле убиени од нивните интимни партнери. Во истиот период, двајца мажи биле убиени со огнено оружје од страна на нивните партнерки. Покрај тоа, 17 или (20%) од жените и 35 или (10%) од мажите биле убиени со огнено оружје од други членови на семејството, главно од мажи.

Од сите инциденти со огнено оружје, во 85% од случаите користено е незаконски поседувано оружје. Меѓутоа, во инцидентите со фатален исход, ограничените **податоци укажуваат дека често се користи и законски и незаконски поседувано оружје**.

Перцепцијата на жените и на мажите за огненото оружје е блиску поврзана со разликите во однос на ризиците на кои се изложени. За жените, значително почесто од мажите, огненото оружје претставува ризик или закана за нивната безбедност и за безбедноста на нивните семејства, 61% за жените и 39% за мажите.

Неодамнешните масовни престрелки во регионот, од кои некои се извршени со законски поседувано огнено оружје, имаа разорно и долготрајно влијание врз граѓаните, семејствата и заедницата. Не претставува изненадување фактот дека 78% од граѓаните[III] во Западен Балкан анкетирани во 2023 година сметаат дека се загрозени поради поседувањето и злоупотребата на огнено оружје во нивното опкружување и го поставија проблемот поврзан со огнено оружје на врвот на безбедносните прашања во регионот.

Покрај тоа, 72% од анкетираните лица во Западен Балкан[IV] изјавиле дека семејното насилство претставува сериозен безбедносен ризик.

## Огненото оружје како фактор на ризик

Во рамките на семејното насилство, присуството и злоупотребата на огнено оружје претставува значаен ризик кој сериозно влијае на безбедноста на жртвите, како и на безбедноста на полициските службеници што интервенираат во случаите и другите вклучени лица, вклучувајќи ги и самите сторители.

**Треба да се земат предвид неколку конкретни ризици поврзани со огненото оружје:**

- Поседувањето и достапноста на огнено оружје од страна на насилникот во контекст на семејно насилство го зголемува наметнувањето на контрола и моќ врз жртвите, што е и неговата крајна цел. Со огненото оружје се зголемува нерамнотежата на моќта меѓу жртвата и сторителот, родовата нееднаквост и се зајакнуваат општествените хиерархии кои овозможуваат мажите да доминираат врз жените.
- Поседувањето огнено оружје од страна на насилникот не само што претставува моќно средство за наметнување контрола на жртвите туку и го зголемува ризикот од сериозни повреди или убиство.
- Злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство е посмртоносна од кој било друг вид на инцидент и е речиси четири пати посмртоносна отколку во криминалните инциденти. Од пријавените инциденти со семејно насилство кое вклучува огнено оружје 37,4% биле со фатален исход, во споредба со 9,6% при вршење на кривични дела.
- Семејното насилство најчесто се случува во домот, а злоупотребата на огнено оружје во таков затворен простор ја зголемува стапката на смртоносност.
- Неколку други фактори ја зголемуваат веројатноста од фатален исход во

семејно насилство кога е вклучено огнено оружје[v]:

- намалената веројатност дека жените ќе го пријават насилството,
- сериозноста на повредите од куршуми,
- намалениот капацитет на жртвата за давање отпор,
- помали шанси жртвата да избега или некое надворешно лице да интервенира и да помогне.

- Кога е присутно огнено оружје, насилството често не се пријавува во почетната фаза, туку значително подоцна, што води кон уште посериозни последици за жртвите.
- Ако огнено оружје е достапно, поголеми се шансите дека насилникот ќе го употреби огненото оружје во случај на семејно насилство.
- Напуштањето на сторителот може да биде особено ризичен период за жртвата на семејно насилство затоа што тогаш насилството може да ескалира. Ако сторителот се сомнева или добие информација дека неговата партнерка планира да го остави, може да се исплаши дека ќе ја изгуби моќта и контролата. Тоа може да доведе до ескалација на насилното однесување, со зголемена веројатност од употреба на огнено оружје.
- Ризикот од насилство не престанува со пријавување на насилството. Во тој контекст, најголемите ризици за жртвите се поврзани, меѓу другото, со разводи, одлуки за старателство над децата и наоѓање нов партнер. Последните истражувања за фемициди сторени со огнено оружје спроведени во регионот покажуваат дека од напуштањето на сторителот до фемицидот поминуваат од неколку дена до две години.
- Самото присуство на огнено оружје, дури и кога не се злоупотребува, претставува ефикасно средство за насилникот да наметне контрола над жртвата.
- Иако податоците поврзани со злоупотребата на огнено оружје се најчесто достапни за случаите со фемицид, повреди и напади, огненото оружје често се користи и за закани и заплашување. Огненото оружје се користи и како средство за нанесување други форми на родово базирано насилство како што е психолошко и сексуално насилство, вклучувајќи силување и сексуална злоупотреба, емоционална повреда, принуда, како и економско насилство. Овие форми на насилство често не се пријавуваат, иако неретко претходат на настаните со фатален исход.
- Пристапот до огнено оружје во посед на други членови на семејството или други лица кои го делат истото домаќинство исто така претставува ризик за злоупотреба на оружјето во семејното насилство и треба да се земе предвид.
- Пристапот на насилникот до огнено оружје врз основа на професија и професионална обука за користење на оружје ја зголемува веројатноста од фатален исход. Од 2019 до 2021 година, секое десетто (10 од 101) лице убиено со огнено оружје во семејно насилство во Западен Балкан е убиено или од полициски службеник или од припадник на вооружените сили.
- Присуството на службено огнено оружје во домот, особено ако не се чува соодветно, ги зголемува шансите за злоупотреба на оружјето во семејно насилство, а во регионот се пријавени такви случаи.

- Иако и законското и незаконското огнено оружје се злоупотребуваат во семејното насилство, огненото оружје во незаконски посед претставува посебен ризик затоа што не постои никаков контролен механизам.
- Масовните престрелки често се поврзани со семејно насилство. Забележани се неколку случаи во регионот каде што инциденти со семејно насилство претходеле на масовни јавни престрелки. Злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство претставува ризик и за безбедноста на жртвите и за пошироката заедница.
- Во некои случаи, за сторителите на масовните престрелки веќе имало претходни обвинувања или пријави за семејно насилство. Исто така, има случаи кога огненото оружје е вратено на сторителот и по неколку дена истото е употребено во масовна престрелка.
- Фемицидот со огнено оружје често се случува на јавни места, во непосредна близина на сведоци, чија безбедност е исто така загрозена.
- Присуството и злоупотребата на огнено оружје претставува директен ризик за безбедноста на полициските службеници кои учествуваат во интервенцијата.
- Присуството на огнено оружје е поврзано со зголемен ризик од самоубиство. Во семејствата каде што постои семејно насилство, присуството на огнено оружје може да го зголеми ризикот од самоубиство меѓу жртвите, насилниците, па дури и меѓу другите членови на семејството.
- Деца кои живеат во семејства каде постои злоупотреба на огнено оружје се изложени на зголемен ризик од траума, што може да има долгорочни последици на нивниот развој. Постои и ризик децата да дојдат во контакт со оружјето, што може да предизвика несреќен случај.
- Достапност на оружје за деца и млади го зголемува ризикот од несреќни случаи, самоубиства и насилство меѓу младите.
- Ефектите на траума од злоупотреба на огнено оружје не влијаат само на жртвите, туку и на сведоците, вклучително и на децата и другите членови на семејството.
- Поседувањето и злоупотребата на огнено оружје во контекст на семејно насилство може да биде поврзано со други криминални активности, вклучително и трговија со оружје, дрога или организиран криминал.

Во поновата анализа на случаи со фемициди извршени со огнено оружје во Србија[VII] идентификувани се следните високоризични фактори кои им претходат на таквите случаи со фемицид: **жртвата го напушта сторителот** (68% од случаите), **љубомора на сторителот** (63% од случаите), **страв на жртвата од сторителот или страв да биде убиена** (47% од случаите), и жртвата е следена од сторителот (26% од случаите).

Во 4 од 19 случаи со фемицид сторени со огнено оружје, сторителите имале пристап до огнено оружје поради нивната работа, на пример, како чувар на земјоделско земјиште, ловочувар или полициски службеник.

## 1.3 Зошто ни е потребен овој Прирачник?

2021 година, SEESAC спроведе опсежна родова анализа на законската регулатива и политиките за контрола на мало оружје во Западен Балкан со цел да се оцени и зајакне нивната родова чувствителност. Во анализата се документирани значителни напори кои се преземаат во регионот за да се осигури дека законите за оружје ја спречуваат употребата на огнено оружје во контекст на семејно насилство. Ова се постигнува преку закони за оружје чија цел е да се ограничи пристапот до огнено оружје за подносител на барање ако има историја на семејно насилство, како и преку закони за заштита од семејно насилство, со што се воспоставува сеопфатен пакет мерки за подобрување на превенцијата на семејно насилство. Таквите мерки вклучуваат и проценка на ризиците и постапки за управување со ризици.

Непосредната опасност од семејно насилство ја претставува веројатноста од настанување, повторување и ескалација на семејното насилство. Безбедносните ризици со кои се соочува определена жртва се проценуваат посебно за секој поединечен случај во согласност со стандардизирани постапки. Проценката на ризиците вклучува проценка на ризикот од смртоносност, сериозноста на ситуацијата и ризикот од повторување на насилството.[VIII] Надлежните институции управуваат со безбедносните ризици кои се идентификувани во проценката на ризици преку активности кои се насочени кон жртвите (на пример, планирање на безбедноста), кон сторителите (на пример, употреба на полициски овластувања за следење, детектирање и спречување на насилно однесување), или активности насочени и кон жртвите и кон сторителите. Опфатот и видот на преземените активности треба да се засноваат на проценката на ризиците, што се извршува од повеќе институции, а потребно е и да се следи ефективноста на активностите. Целта на овие активности е да се направи обид за намалување на заканата од сторителот и да се заштити жртвата од понатамошно насилство и злоупотреба.

Со постапките за проценка на ризици во Западен Балкан се препознаваат, иако само до одреден степен, ризиците поврзани со огнено оружје во контекст на семејното насилство. Во проценките на ризици најчесто се испитува дали сторителот поседува огнено оружје и дали огненото оружје е злоупотребено во пријавениот инцидент, додека пристапот до огнено оружје поретко се зема предвид.

И покрај очигледните напори за разгледување на ризиците поврзани со злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство, од достапните податоци се утврдува постоењето на семејно насилство вклучувајќи ја и употребата на огнено оружје во таков контекст.

Од таквите трендови произлегува итноста на ова прашање. Во таа смисла, Работната група темелно разгледуваше како дополнително да се зајакнат постојните постапки за проценка на ризици за да се опфатат сите форми на злоупотреба на огнено оружје во семејното насилство. Иако беше разгледан ризикот од огнено оружје и во законски и незаконски посед, Работната група особено ги истакна предизвиците поврзани со злоупотребата на огненото оружје во незаконски посед и навременото откривање на таквото оружје.

**Рамка 1: Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство и проценка на ризиците**

Во Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство се истакнува обврската да се земат предвид ризиците од огнено оружје во контекст на семејното насилство.

Член 51 – Проценка на ризиците и управување со ризици

1. Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека сите релевантни органи спроведуваат проценка на ризикот од смртоносност, сериозноста на ситуацијата и на ризикот од повторување на насилството, со цел управување со ризиците и доколку е потребно да се обезбеди координирана безбедност и поддршка.
2. **Страните ги преземаат потребните законодавни или други мерки за да обезбедат дека проценката од ставот 1 го зема предвид, во сите фази од истрагата и примената на заштитни мерки, фактот дека сторителите на актите на насилство опфатени со Конвенцијата поседуваат односно имаат пристап до огнено оружје.**

Став 2 ја утврдува обврската да се обезбеди дека проценката на ризици од првиот став од овој член зема предвид веродостојни информации за поседување на огнено оружје од страна на сторителите. Поседувањето на огнено оружје од сторителите не само што претставува моќно средство за наметнување контрола над жртвите туку и го зголемува ризикот од убиство. Ова особено се однесува на пост–конфликтни ситуации или во средини со традиција на поседување огнено оружје, што на сторителите им овозможува поголем пристап до истото. Меѓутоа, и во други средини се случуваат многу сериозни случаи на насилство врз жените и семејно насилство со употреба на огнено оружје. Оттаму, авторите сметаат дека е клучно да се утврди обврската за осигурување дека, во секоја проценка на ризик со кој се соочува жртвата, систематски се зема предвид, во сите фази од истрагата и примената на заштитни мерки, фактот дали сторителот законски или незаконски поседува или има пристап до огнено оружје за да се гарантира безбедноста на жртвите. На пример, при издавање итни мерки на заштита, мерки за забрана на приближување или за заштита, како и при изрекување казнени пресуди за каква било форма на насилство која е опфатена со оваа Конвенција, Страните можат да донесат, во рамките на своите национални правни системи, мерки кои се сметаат за потребни за да се овозможи непосредно одземање/ конфискација на огнено оружје и муниција.

# 2. Преглед на Прирачникот

## 2.1 Цел на Прирачникот

**Целта на Прирачникот е да им се дадат насоки и да ги поддржат полициските службеници за тие да можат ефективно да ги:**

- **проценат,**
- **отстранат,**
- **спречат и намалат**

**ризиците поврзани со присуството и злоупотребата на огнено оружје во случаи со семејно насилство, особено насилство врз жените, како и да придонесат кон подобрувањето на безбедноста на жртвите на семејно насилство.**

Преку поддржување на ефективното спроведување на релевантните законски одредби и стратешките приоритети, целта на Прирачникот е да придонесе кон елиминирање на семејното насилство, насилството врз жените и родово-базиранотонасилство, како и да ја зголеми безбедноста и благосостојбата на жените и мажите во Западен Балкан.

Прирачникот треба главно да се смета за помошно средство за професионалците да можат да изнајдат подобро решение за ризиците поврзани со злоупотребата на огнено оружје во семејното насилство, а се надоврзува на постојните постапки за проценка на ризиците. Прирачникот има за цел дополнително да ја зајакне ефективноста на активностите, вклучувајќи ги проценките на ризици кои ги извршуваат назначени службеници, но не ги заменува постојните стандардни оперативни процедури. Прирачникот дава подетални насоки како темелно да се проценат посебните ризици поврзани со огненото оружје, нивното соодветно разгледување и осигурување на безбедноста на жртвите.

Прирачникот претпоставува дека одговорните полициски службеници се запознаени со тековните проценки на ризици и другите релевантни стандардни оперативни процедури во нивните соодветни јурисдикции. Затоа листите за проверка на ризиците не се повторуваат во овој Прирачник, а фокусот е ставен само на улогата на огненото оружје во семејното насилство.

## 2.2 Кому е наменет Прирачникот?

Прирачникот е примарно наменет за полициските службеници и службенички кои постапуваат во случаи на семејно насилство. Дополнително, Прирачникот може да биде корисна алатка за сите други актери во превенцијата на семејното насилство, како што се центрите за социјална работа, обвинителствата, судовите, координативните механизми, ако се воспоставени, како и организациите кои нудат специјализирани услуги за жртви на насилство.

## 2.3 Начела

Севкупниот пристап во Прирачникот се заснова на целосното почитување и интегрирање на главните начела за спречување и елиминирање на семејното насилство, насилството врз жените и родово базираното насилство. Таквите начела вклучуваат:

- *Нулта толеранција за насилство*, односно општеството не прифаќа никакво семејно, сексуално и родово базирано насилство ниту ставови кои поддржуваат насилство,
- *Приоритетот на сите интервенции е да прекине насилството и да се преземат други мерки за поддршка и помош за жртвите,*
- *Безбедноста на жртвата претставува приоритет во активностите кои ги реализираат службите, институциите и надлежните тела,*
- *Усвојување на пристап со фокус на жртвата* и земање предвид на различните потреби на жртвите, нивната ранливост и ризиците со кои се соочуваат, како и влијанијата на одлуките и преземените активности врз нив,
- *Сторителот е единственото лице одговорно за насилното однесување*,
- *Нееднаквоста на моќта меѓу жртвата и сторителот* на насилство треба да се земе предвид во секоја интервенција,
- *Категориите на возраст, попреченост, етничка припадност, сексуална ориентација, родов идентитет, место на престој (град–село), изложеност на сиромаштија* задолжително треба да се земаат предвид при интервенција поради можноста тие да имаат големо влијание на обликот и степенот на изложеност на ризик од семејно насилство.

## 2.4 Содржина на Прирачникот

Прирачникот содржи пакет **практични контролни листи (листи за проверка)** чија цел е да им помогнат на полициjските службеници/чки соодветното да ги проценат ризиците од злоупотреба на огнено оружје во семејното насилство, во законски и незаконски посед, како и да одговорат на таквите ризици со потребната итност.

Врз основа на таквиот пристап, Прирачникот обезбедува преглед на активностите кои се поврзани со огнено оружје и кои треба да се преземат во секој чекор од постапување на  полицијата:

ЧЕКОР 1 — **ИНДИЦИИ ЗА ВИСОКОРИЗИЧНИ ИНТЕРВЕНЦИИ**

ЧЕКОР 2 — **ПРИЕМ НА ПРИЈАВА ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

ЧЕКОР 3 — **ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИ:**

- Огнено оружје во законски посед
- Огнено оружје во незаконски посед
- Пристап до огнено оружје
- Закана за употреба на огнено оружје
- Визуелни знаци за (не)законски посед на огнено оружје
- Проверка на социјалните медиуми и активностите на интернет

ЧЕКОР 4 — **ИНТЕРВЕНЦИЈА**

- Осигурување на личната безбедност и безбедноста на жртвите
- Одземање на огненото оружје
- Огнено оружје во незаконски посед
- Присуство на експлозиви и експлозивни уреди

ЧЕКОР 5 — **ПО ИНЦИДЕНТОТ - ПОСТАПКИ СО ОГНЕНО ОРУЖЈЕ**

ЧЕКОР 1:

# Индиции за високоризични интервенции

За да може интервенцијата ефективно да се испланира, полицискиот службеник на оперативна должност и полициските службеници кои учествуваат во интервенцијата треба да ги препознаат индициите за високоризични интервенции во контекст на семејно насилство, особено ако вклучуваат огнено оружје.

Ако се идентификува која било од наведените индиции, интервенцијата треба соодветно да се испланира. Таквите индиции укажуваат на потенцијално високоризична интервенција и затоа треба да се постапи со највисока итност и претпазливост.

## Индиции за високоризична интервенција вклучуваат инциденти/настани кога:

- Сторителот поседува огнено оружје или има пристап до оружје, без оглед дали сторителот се заканува да го употреби огненото оружје,
- Постојат индиции дека сторителот можеби незаконски поседува огнено оружје,
- Сторителот се заканува да употреби огнено оружје, вклучително и за самоубиство,
- Сторителот претходно се заканувал дека ќе употреби огнено оружје,
- Во пријавениот инцидент, или претходно пријавен инцидент, употребено е огнено оружје,
- Кога лице е тешко повредено, има закана за живот или смртен случај,
- Кога жртвата или други лица (најчесто деца) се под непосредна закана (ситуација со заложници), особено ако е вклучено огнено оружје,
- Кога насилство е во тек, особено ако има претходни пријави на семејно насилство,
- Кога сторителот има пристап до оружје поради својата професија и е професионално обучен да го користи (како на пример полициски службеник или воено лице или вработен во друга институција со дозвола да носи оружје како што е разузнавачката служба, судска полиција, царина, казнено–поправни институции, шумски чувари, обезбедување во складиште за докази, музеи и слично, вработен во приватно обезбедување, вработен во продавница за оружје, служба за заштита на земјоделско земјиште или ловочувар),
- Сторителот е претходно осудуван за каков било облик на кривично дело или прекршок каде било вклучено насилство.

Ризиците дополнително се зголемуваат ако сторителот е под дејство на алкохол или психоактивни супстанции, има проблеми са менталното здравје, вклучително и недијагностицирани состојби, како и ако може да ги нападне или насилно да се спротивстави на полициските службеници.

Во случај на странски државјанин со привремен престој, треба да се има предвид дека може да биде тешко да се утврди историјата на семејно насилство, вклучително и поседување на оружје.

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Ризикот во инцидент со семејно насилство е динамична категорија која брзо може да ескалира, сериозноста на ситуацијата може да се влоши и да се зголеми ризикот од смртоносност и за жртвата и за полициските службеници кои интервенираат.

Имајќи ја предвид комплексната динамика на семејно насилство, неопходно е сеопфатно и внимателно да се реагира на сите форми на семејно насилство, вклучително, но не само, на идентификација на високоризичните фактори.

## Ризикот се зголемува во следните случаи:

- Сторителите имаат историја на ментални заболувања,
- Постои историја на насилство и/или претходни пријави на насилство,
- Екстремни емоции или нестабилност: Сторителите кои покажуваат екстремни емоции или се однесуваат нестабилно може да бидат непредвидливи и опасни,
- Присуството на деца во домаќинството може да го зголеми ризикот при насилен инцидент,
- Сторителот се заканува со самоубиство,
- Постојат судски постапки, како што се борби за старателство, разводи или издавање налог за заштита, кои може да предизвикаат ескалација на насилството,
- Екстремна љубомора или контрола, демнење или изолација на жртвата,
- Злоставување или убивање на домашни миленици,
- Ненадејни или екстремни промени во однесувањето на сторителот,
- Сторителот се заканувал дека ќе ја убие жртвата или членовите на нејзиното пошироко опкружување,
- Жртвата изјавува дека има страв дека сторителот може да ја убие или да убие лица од нејзиното пошироко опкружување, иако не се заканувал експлицитно,
- Сторителот ги прекршил или ги крши заштитните мерки кои се однесуваат на жртвата,
- Повеќе комбинирани фактори: на пример, жртвата првпат пријавува семејно насилство, насилството ескалирало во последната година, жртвата го напуштила насилникот.

ЧЕКОР 2:

# Прием на пријава за семејно насилство

Полициските службеници на должност први ја добиваат пријавата за насилство. Затоа ја имаат клучната улога во собирањето информации за соодветно планирање на интервенцијата, навремена проценка и разгледување на ризиците поврзани со огнено оружје, како и за осигурување на безбедноста на жртвата и другите членови на семејството кои се присутни во текот на инцидентот, особено децата.

Таквите информации се клучни и за безбедноста на полициските службеници кои постапуваат по пријавените случаи со семејно насилство, како и за безбедноста на другите професионалци кои можеби ќе бидат вклучени. **По приемот на пријавата, дежурниот полициски службеник/службеничка има обврска внимателно да ги пренесе сите собрани информации на службениците кои излегуваат на местото на настанот. На тој начин, по пристигнувањето на местото на инцидентот, се обезбедува спроведувањето на мерките за заштита на личната безбедност и на безбедноста на присутните граѓани и граѓанки.**

Покрај тоа, иницијалното постапување на дежурниот службеник/службеничка во голема мера може да влијае на понатамошните постапки на жртвата.

## Колку што е возможно, дежурниот полициски службеник/службеничка треба да собере податоци за следните околности од лицето што го пријавува насилството:

1. Каде се случува насилството (адреса)?
2. Дали насилството сѐ уште се случува во време на пријавата или престанало?
3. Со кого тој/таа зборува (жртвата, член на семејството, сведок...)?
4. Кој е жртвата? Дали таа/тој е во непосредна опасност? Кои други лица се присутни во текот на инцидентот? Да ли се присутни деца или постари лица?
5. Дали некој е повреден? Ако има повредени, дали е известена здравствена институција?
6. Кој е пријавениот сторител и дали е присутен во моментот?
7. Дали сторителот е под влијание на алкохол или опијати?
8. Дали има историја на претходно насилство?

## Во однос на огненото оружје, прашајте за следното:

1. Дали во инцидентот е употребено огнено оружје? Ако да, на кој начин?
2. Ако било употребено огнено оружје, вклучително и за закана, каде е сега огненото оружје?
3. Дали сторителот поседува едно или повеќе парчиња огнено оружје? Каде се чува огненото оружје?
4. Што е по занимање сторителот?

5. Дали некој друг во семејството, особено оние кои живеат во истото домаќинство, поседува огнено оружје?
6. Дали сторителот претходно и се заканувал на жртвата со огнено оружје, вклучувајќи и вербално?

## ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Во случај на непосредна опасност за жртвите, продолжено насилство или лицето кое го пријавува насилството не сака или не може да одговори на сите наведени прашања, дежурниот полициски службеник или службеничка ќе им даде приоритет на прашањата поврзани со местото на случување на насилството и конкретните опасности со кои жртвата се соочува.

## ▲ БЕЗБЕДНОСЕН СОВЕТ

Ако во инцидентот било употребено огнено оружје или има непосреден ризик од негова употреба, на жртвата треба да ѝ се каже да:

а. да оди во соба или простории каде има пристап до излез, по можност на долниот спрат,
б. да избегнува соби без излез и простори каде може да има огнено оружје или друг вид на оружје, како што се кујната, тоалетот или гаражата,
в. да биде во соба со телефон за да може да се јави на полиција, пријатели или соседите,
г. да одбегнува конфронтации со сторителот.

Наведените безбедносни совети треба да се дадат на жртвите во сите случаи, не само ако е користено огнено оружје или постои висок ризик од неговата употреба. Дополнително, на жртвата треба да и се препорача да го има бројот на полиција достапен за брзо бирање и батеријата од телефонот постојано да биде полна.

Жртвата треба да се извести за специјализираните служби за помош и поддршка за заштита на жртви на семејно насилство (ако се достапни таквите служби) со кои може да се развие план за брза реакција – на пример, да се договори збор или фраза што жртвата може да каже кога се јавува на специјализираните служби како сигнал за специјализираните служби веднаш да повикаат полиција и детално да објасни каде се наоѓа жртвата, како и дека се работи за високоризичен случај.

ЧЕКОР 3:

# Проценка на ризици

Во контекст на семејното насилство, огненото оружје претставува **повеќекратен безбедносен ризик**. При проценка на ризици или при интервенција, полициските службеници и службенички се должни да ги земат предвид следните ситуации:

а. **Сторителот или друг член на домаќинството (вклучително и жртвата) законски поседува оружје,**

б. **Сторителот или друг член на домаќинството незаконски поседува оружје,**

в. **Сторителот има пристап до огнено оружје како дел од професионалното занимање и обучен е да ракува со оружјето,**

г. **Сторителот би можел едноставно и лесно да дојде до оружје,**

д. **Сторителот се заканува дека ќе употреби огнено оружје,**

ѓ. **Визуелни показатели укажуваат на можно присуство на огнено оружје во (не) законски посед,**

е. **Претходно се спроведувани полициски интервенции на истата адреса или во врска со истото лице.**

Проценката дали можеби се присутни некои од овие ризици ја прави полициски службеник на должност (или друг назначен службеник) **веднаш** по приемот на пријава за семејно насилство. Проценката се прави за секој пријавен случај на семејно насилство и клучна е за планирањето на интервенцијата. Треба да се разгледаат и потенцијалните сценарија кои можат да доведат до ескалација на насилството, вклучително и реакцијата на насилникот на полициската интервенција. **Релевантни информации се добиваат преку сите достапни извори на податоци, вклучувајќи ги релевантните бази на податоци на Министерството за внатрешни работи (МВР)/полицијата и полициската евиденција.** Оваа проверка треба што побрзо да се направи и паралелно да се испланира интервенцијата бидејќи брзата и безбедна реакција е од примарна важност.

Подолу се разработува секој конкретен ризик.

### А) Сторителот или друг член на домаќинството законски поседува оружје

По добивање пријава за семејно насилство, службеникот на должност го проверува следното:

- Дали сторителот законски поседува огнено оружје (или повеќе парчиња огнено оружје) регистрирано во регистарот на огнено оружје на МВР?
- Дали сторителот законски поседува огнено оружје (или повеќе парчиња огнено оружје) регистрирано во регистарот на огнено оружје на МВР, но огненото

оружје било одземено или пријавено како загубено, украдено или продадено?

- Дали некој друг член на домаќинството има огнено оружје (или повеќе парчиња огнено оружје) во законски посед?
- Дали некој член од домаќинството кој поседувал огнено оружје (или повеќе парчиња огнено оружје) починал? Ако одговорот е да, се бараат информации за секое такво парче огнено оружје,
- Дали кое било огнено оружје кое го поседува сторителот или друг член на домаќинството е одземено? Проверете дали таквото огнено оружје е вратено назад.

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Во некои случаи, во постојните бази на податоци за огнено оружје може да нема ажурирани податоци за сопственоста на огненото оружје или податоците може да не се постојано достапни (24/7) за полициските службеници што постапуваат по случаи на семејно насилство.

**Б) Сторителот или друг член на домаќинството незаконски поседува оружје**

Кога се проценува дали сторителот или други членови на домаќинството, вклучително и жртвата на семејно насилство, можеби незаконски поседуваат огнено оружје, неколку околности може да укажат на можност или сомнеж за истото. Ако постои која било од наведените индиции, тие може да се земат предвид и да се проверат без исклучок од страна на назначениот полициски службеник.

**За да се процени дали сторителот можеби незаконски поседува огнено оружје, следното треба да се земе предвид:**

- Жртвата се сомнева дека сторителот незаконски поседува огнено оружје или има пристап до такво оружје,
- Информации од други полициски службеници укажуваат дека сторителот можеби незаконски поседува огнено оружје/ повеќе парчиња огнено оружје/ експлозиви,
- Дали има индиции дека сторителот поседува или има пристап до огнено оружје поради својата актуелна или претходна професија (како на пример полициски службеник или воено лице или вработен во друга институција со дозвола да носи оружје како што е разузнавачката служба, судска полиција, царина, казнено–поправни институции, шумски чувари, обезбедување во складишта за докази и музеи, и слично, вработен во приватно обезбедување, вработен во продавница

за оружје, служба за заштита на земјоделско земјиште или ловочувар)?

- Дали има индиции дека сторителот можеби поседува или има пристап до огнено оружје поради неговото учество во вооружени конфликти или живее во област каде имало вооружен конфликт?
- Дали сторителот бил обвинет за какво било казнено дело поврзано со незаконско поседување или трговија со оружје или прекршување на законските одредби поврзани со поседување и носење оружје, вклучително и прекршоци? Дали сторителот бил осуден или казнет за пукање на прослави? Треба да се земат предвид сите пријави, без оглед дали тие завршиле со пресуда.
- Дали сторителот некогаш бил одбиен при поднесување на барање за набавка и чување на оружје?
- Да се провери претходната историја на сторителот (претходно кривично досие и евиденција, членство во криминална група или лице од интерес за полицијата и кои било информации кои сугерираат незаконско поседување на оружје и дали тој има кажано на други лица дека ќе го употреби своето оружје против жената – жртвата, итн.).

Секоја од горенаведените индиции треба целосно да се разгледа и дополнително да се провери. Со оглед на сериозноста на ризиците од семејно насилство, неопходно е во најкраток рок да се соберат податоците што не се веднаш достапни со цел навремено планирање на интервенцијата.

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Иако жртвата може да биде важен извор на информации во врска со огненото оружје кое можеби незаконски се поседува, следното мора да се земе предвид:

- Жртвите или другите лица кои пријавуваат насилство може да не знаат дека сторителот има огнено оружје,
- Жртвите може да не се подготвени да пријават незаконско огнено оружје поради страв од последици и одмазда,
- Можно е жртвите да не можат да дадат ниту една од погоре наведените информации, особено во ситуации кои вклучуваат сериозна и непосредна закана по нивниот живот,
- Жртвата може да не го согледува целосно ризикот од присуството на огнено оружје и може да не го пријави фактот затоа што го смета за нерелевантен.

Имајќи го предвид горенаведеното, полициските службеници и службенички треба да собираат:

- Оперативни сознанија на терен,
- Информации од специјализираните служби за помош и поддршка ако жртвата им се обратила за помош,
- Информации од доверливо лице, ако жртвата има такво лице.

**Рамка 2: Нови технологии - 3Д печатење**

Пристапот на сторителот до ова технологија која овозможува, на пример, печатење на оружје во тридимензионален (3Д) формат, може да претставува значителен ризик. 3Д печатењето, познато и како адитивно производство, претставува технологија каде што слоеви материјал се нанесуваат еден врз друг под контрола на компјутер, а крајниот резултат е тридимензионален предмет.

Во последниот период, 3Д печатачите постепено стануваат се подостапни на пазарот и се користат во голем број на индустрии, вклучително и автомобилската, воздухопловната и вселенската, архитектонската, одбранбената и индустријата за медицинска опрема. Изминатите години, терминот 3Д печатење доби на популарност како релативно едноставна метода за производство на огнено оружје, што предизвикува загриженост дека може да доведе до зголемена пролиферација, нарушување на безбедноста, дури и до поттикнување тероризам.

Со оглед на брзиот развој на технологијата на 3Д печатење, намалувањето на цените на 3Д печатачите и потрошните материјали, како и со појавата на нови и унапредени материјали на пазарот, од клучна важност е релевантните институции да се запознаат со можностите на оваа технологија и да ја следат ситуацијата со цел навремено да реагираат. Развојот на 3Д печатачите носи низа предизвици, како што е контрола на неовластеното производство на огнено оружје, спроведување на ограничувањата на дигиталните фајлови поврзани со огненото оружје на интернет, откривање и следење на огнено оружје печатено во 3Д, ограничена примена на форензички техники, итн.

**в) Сторителот има пристап до огнено оружје како дел од професионалното занимање и обучен е да ракува со оружјето**

- Дали сторителот е овластен да има пристап до огнено оружје поради својата актуелна или претходна професија (како на пример полициски службеник или воено лице или вработен во друга институција со дозвола да носи оружје како што е разузнавачката служба, судска полиција, царина, казнено–поправни институции, обезбедување на шуми, обезбедување во складишта за докази и музеи и слично, вработен во приватно обезбедување, вработен во продавница за оружје, служба за заштита на земјоделско земјиште или ловочувар)?
- Дали сторителот е член на ловно здружение или здружение за спортско стрелаштво?
- Дали има индиции дека сторителот можеби поседува или има пристап до оружје поради неговото хоби (стрелаштво, лов или слично)?
- Дали сторителот има дозвола да носи службено огнено оружје како дел од неговата професија?

**г) Сторителот се заканува дека ќе употреби огнено оружје**

- Сторителот претходно се заканувал на жртвата со употреба на огнено оружје;
- Сторителот се заканува на жртвата со употреба на огнено оружје во текот на пријавениот инцидент;
- Врз основа на оперативни информации, сторителот кажал или се заканил преку друго лице дека ќе употреби огнено оружје против жртвата;
- Сторителот се заканува на жртвата во присуство на полициски службеници;
- Сторителот се заканува со самоубиство;
- Закана со огнено оружје може да вклучува и покажување на огнено оружје за да се предизвика страв кај жртвата;
- Претходна историја на сторителот (претходно кривично досие и евиденција, членство во криминална група, лице од интерес за полицијата, оперативни информации кои сугерираат незаконско поседување на оружје и изјави на други лица дека ќе го употреби своето оружје против жената – жртвата, итн.);

**д) Визуелни знаци за (не)законско поседување огнено оружје**

Покрај горенаведените  индиции, во текот на интервенцијата треба да се обрне внимание на присуството на следните  предмети/ знаци кои може да укажат на тоа дека сторителот можно е (не)законски да поседува огнено оружје или да има пристап до огнено оружје:

1. Муниција или пакување за муниција



Source: SEESAC

2. Сеф за чување/сигурносен затворач на оружје



Source: Shutterstock

3. Шаржери



Source: Shutterstock

4. Трофеи: лов или спортско стрелаштво



Source: iStock

5. Масло за пиштол или прибор за чистење



Source: Shutterstock

6. Алатки за полнење муниција



Source: Shutterstock

7. Дупки од куршум во дрвја или плочи во градината



Source: Shutterstock

8. Поседување на мети



Source: Shutterstock

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Во случај да е одземено огненото оружје во законски посед на потенцијалниот сторител, да се провери дали имало одлука за враќање на ова огнено оружје и следствено, дали огненото оружје било вратено на сторителот.

**Рамка 3: Проверка на социјалните медиуми и употребата на интернет**

Профилите на социјалните медиуми на сторителот може да обезбедат индиции за можната употреба на огнено оружје. Треба да се обрне внимание на која било активност што може да алармира.

Во однос на социјалните медиуми и употребата на интернет, треба да се обрне посебно внимание на содржина која:

- Промовира и величи насилство во кој било контекст,
- Искажува мизогини ставови, говор на омраза против жени и девојки или други силно изразени предрасуди против жените,
- Оправдува или повикува на насилство врз жени и девојки и родово базирано насилство, вклучувајќи сексуално насилство, вознемирување и злоупотреба,
- Има позитивен однос кон масовни престрелки, вклучувајќи објави за сторители на масовни престрелки,
- Искажува говор на омраза или има насилен став кон определени групи според, на пример, етничка припадност, родов идентитет, попреченост, сексуална ориентација, возраст, религија,
- Укажува на вклученост во сајбер (онлајн) насилство и/или вознемирување преку интернет/онлајн–криминал,
- Укажува на припадност во банди,
- Укажува на радикализација и насилен екстремизам,
- Промовира насилство на спортски настани,
- Промовира опасно, невнимателно или непромислено возење,
- Укажува на суровост против животни.

**ЧЕКОР 4:**

# Интервенција

### а) Осигурување на личната безбедност и безбедноста на жртвите

Полициските службеници кои учествуваат во интервенцијата се должни да го запрат насилството ако е сѐ уште во тек, да ја одделат жртвата од сторителот, да отстранат каква било непосредна опасност за жртвата и да спречат евентуално понатамошно насилство.

Во случаи кога има индиции за поседување или пристап до огнено оружје во пријавениот инцидент, полициските службеници треба да ги преземат сите потребни мерки за да ја осигурат својата сопствена безбедност, безбедноста на жртвата, како и безбедноста на другите лица.

Покрај стандардните оперативни постапки кои се применуваат во конкретната ситуација, во однос на огненото оружје треба да се преземат и следните безбедносни мерки:

- Ако има индиции дека сторителот е вооружен, при пристигнување на местото на настанот, полициските службеници треба да ја следат и проценат ситуацијата со цел да се избере најбезбедниот и најефикасниот начин на постапување. Кога се упатува патрола, дежурната служба е должна да продолжи да ги врши сите неопходни достапни проверки во евиденциите што се на располагање и да ги извести упатените службеници и службенички за резултатите од таквите проверки.
- Во текот на интервенција, ако полицискиот службеник забележи огнено оружје кај некое лице, тој/таа мора да ги преземе сите мерки на безбедност за да ја осигури личната безбедност и безбедноста на останатите присутни лица.
- Сторителот со оружјето треба постојано визуелно да се следи при пристапувањето.
- При контакт со лицето, полицискиот службеник треба лично да го земе оружјето и да го обезбеди за да се зачува како доказ, со што ќе се спречи лицето да дојде во контакт со оружјето.
- Полицискиот службеник/службеничка треба да изврши преглед на лицето (сторителот) поради можноста да крие друго оружје. Ако сторителот се приведува во полициска станица, задолжително е да се изврши преглед дали лицето има сокриено оружје во облеката.

**Б) Обезбедување и пронаоѓање траги на криминални дејства и огнено оружје**

Во случаи кога е употребено огнено оружје (или огненото оружје е средство за извршување на кривично дело) се применуваат стандардните оперативни процедури за истрага на местото на настанот. Од клучно значење е да не се контаминираат доказите. Тимот за истрага на местото на настанот треба да спроведе истрага за да ги открие, евидентира, фиксира (означи) и преземе сите траги кои се клучни за истрагата. Ако е неопходно, воспоставете безбедносен периметар до пристигнувањето на специјализираниот тим.

**В) Одземање на огнено оружје**

Во случаи кога не е употребено огнено оружје, полициските службеници, секогаш кога постапуваат по пријава за семејно насилство (без оглед на исходот):

- **Го одземаат огненото оружје, муницијата и дозволите за огнено оружје од сите лица вклучени во инцидентот (во улога на жртви или сторители) како и од членовите на семејството кои живеат или престојуваат на адресата на сторителот или жртвата (го делат истото домаќинство, без оглед на нивното официјално место на престој),**
- **Кој било учесник во инцидентот во случај да поседува оружје кое се наоѓа на друга локација, веднаш да се преземат мерки и активности со цел пронаоѓање на огненото оружје и одземање на истото,**
- **Конфискување на огненото оружје кое незаконски се поседува и поднесување кривична пријава за соодветното казнено дело.**

Кога учесникот во инцидент со семејно насилство е полициски службеник, припадник на вооружените сили и кој било друг професионалец со дозвола да носи огнено оружје, неговото приватно огнено оружје веднаш се одзема. Понатаму, непосредно претпоставениот привремено и веднаш ќе го одземе и неговото службено оружје.

### г) Огнено оружје кое незаконски се поседува

Кога има индиции и кога полициските службеници оправдано се сомневаат, во текот на интервенцијата, дека лицето пријавено за семејно насилство или еден од членовите на домаќинството незаконски поседува оружје, полициските службеници веднаш и без одлагање ги преземаат сите мерки за да го пронајдат оружјето, вклучувајќи и **претрес според важечките законски прописи. Полициските службеници ги координираат овие мерки со надлежното јавно обвинителство.**

Ова исто така вклучува и ситуација кога информациите за можно незаконско поседување на огнено оружје се добиваат од жртвата, членовите на семејството или други лица, вклучувајќи ги и соседите.

Кога има индиции  за незаконско поседување на оружје, полициските службеници прво ја осигуруваат својата безбедност и безбедноста на жртвата, како и на другите лица.

Потоа полициските службеници ги преземаат следните мерки:

- Се спроведува непосреден надзор и контрола над лицето кое можеби поседува оружје,
- Тоа лице мора да остане во близина на полициските службеници, не е дозволено самостојно да замине или да се оддалечи од зградата, куќата или станот,
- Лицата чие присуство не е потребно, се отстрануваат од објектот или просторот,
- До објектот или местото каде треба да се спроведе претресот нема да се дозволи пристап на ниту едно лице без дозвола,
- Претресот се спроведува во согласност со релевантните законски одредби и постапки кои редовно се применуваат во такви ситуации,
- Се земаат изјави од членовите на семејството за можно поседување и присуство на оружје.

Полициските службеници исто така ги преземаат овие мерки во ситуации кога лицето има оружје во законски посед кое треба да се заплени, но лицето:

- изјавува дека не знае каде е оружјето,
- изјавува дека било украдено но тоа не го пријавил,
- избегнува да даде информации за тоа каде се наоѓа оружјето.

Во посебни случаи кога постои основано сомнение дека е можно да има незаконско огнено оружје, може да се побара поддршка од единицата К9 за полициски кучиња или може да се земе предвид употреба на електронски уреди за пронаоѓање и идентификација на огнено оружје.

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Пред какво било ракување, без оглед на тоа дали оружјето е најдено на некое лице на местото на настанот или е пронајдено со преземање други активности, вклучувајќи одземање, откако соодветно ќе се фиксираат трагите, задолжително треба со секое парче оружје да се постапува како да е наполнето и подготвено за пукање и следствено треба да се извади рамката со муниција, кога истото е можно, да се провери содржината на цевката и комората и ако со сите проверки се утврди без сомнение дека оружјето е празно, полициските службеници може да продолжат со понатамошното ракување со оружјето.

Во случај на одземање на дозвола за огнено оружје, може да е неопходно да се преземат активни чекори за да се заштити од одмазда партнерот/партнерката на носителот на дозволата или подносителот на барањето за огнено оружје.

### Д) Присуство на експлозиви и експлозивни уреди

Во случај да се забележат сомнителни предмети за кои се претпоставува дека се експлозивни уреди, тие никако да не се допираат и ова веднаш треба да се пријави кај дежурните служби и да се побара помош од Одделението за заштита од експлозиви.

ЧЕКОР 5:

# По инцидентот: Постапување со огнено оружје

По одземањето, огненото оружје безбедно се остава во собата за докази во полициска станица или на друго место предвидено за таква намена.

Ако лицето кое е пријавено за семејно насилство има дозвола за огнено оружје и неговото/ нејзиното огнено оружје е привремено одземено при пријава на семејно насилство, **способноста на лицето да има дозвола за огнено оружје ќе треба да се преиспита за да се осигури дека лицето целосно ги исполнува критериумите** утврдени во Законот за оружје. **Таквото преиспитување се иницира по секоја пријава на насилно однесување или ако има основано сомнение дека огненото оружје може да се злоупотреби.**

Со оглед на тоа што во согласност со Законот за оружје, за да се има дозвола за огнено оружје, однесувањето на лицето не смее да укажува дека тој/таа би претставувал закана за себеси или за други лица и за јавниот ред и мир, и дека нема индиции дека огненото оружје ќе биде злоупотребено, **треба да се иницира одлука за одземање на дозволата за огнено оружје за ефективно да се намалат ризиците и да се спречи понатамошно настанување, повторување или ескалација на семејно или друга форма на насилство.**

## ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

При проценка на способноста на носителот на дозвола за огнено оружје дека треба и понатаму да ја задржи дозволата, потребно е да се има предвид дека поседувањето на огнено оружје е можност пропишана со Законот и придружена е со други строги обврски/критериуми.

При одлучување за одземање на оружје, треба да се земат предвид сите релевантни околности кои може да укажат на потенцијална злоупотреба на огненото оружје, вклучувајќи: исходи од пријавен инцидент со семејно насилство, дали се поднесени кривични или прекршочни пријави, дали се иницирани постапки, дали се изречени итни мерки и други привремени мерки на заштита и кои се тие мерки, дали се во сила таквите мерки, дали има повреда на итните мерки и другите мерки за заштита и кои мерки не се почитувани, дали има оперативно сознание за непочитување на мерките што не е пријавено или обработено, мислењето на жртвата и членовите на семејството за поседувањето оружје, дали се согласуваат, дали искажуваат вознемиреност или страв при разговорот за ова прашање или други лични впечатоци на полицискиот службеник кои укажуваат на тоа дека овие лица имаат страв или каква било загриженост, сегашниот однос

на носителот на дозвола со жртвата, однесувањето на барателот по пријавата на насилство, особено во разговорот за пријавеното насилство, идентификувани ризици по пријавата на насилство, мислење на надлежниот полициски службеник.

### ▼ ИМАЈТЕ ПРЕДВИД

Одлуките со највисок ризик вклучуваат ситуации кога:

- Донесена е одлука да не се одземе дозволата по анализа на подобноста извршена поради инцидент. Ова ги вклучува случаите кога огнено оружје е привремено одземено за да се овозможи комплетирање на таквата истрага и потоа е донесена одлука да се врати огненото оружје.
- Дозволата е издадена или обновена иако постојат докази за насилство, семејно насилство или медицинска неспособност, или ако лице кое го познава носителот на дозволата изразило загриженост, но барателот на дозволата сепак е позитивно оценет.

Врз основа на наодите, одлуките за огненото оружје ги носи соодветната управна служба/сектор. Тој сектор треба да ги информира полициските службеници од криминалистичка полиција кои работат по пријави на семејно насилство за исходот од одлуката. Покрај тоа, може да има потреба од активни чекори за заштита од одмазда на партнерот на носителот на дозволата или на подносителот на барањето поради одземањето на дозволата.

Ова е особено важно бидејќи има поголем број на околности кои може да го поттикнат сторителот да го злоупотреби огненото оружје во периодот по инцидентот со семејно насилство. Околности за кои може да биде потребно внимание од страна на полициските службеници:

## Околности за кои се потребни мерки на претпазливост

1. Жената жртва на семејно насилство го напушта сторителот или неодамна се разделила од него (до 1 година);
2. Жената жртва на семејно насилство започнува постапка за развод, особено ако партнерот не го прифаќа покренувањето на постапката;

3. Жената жртва на семејно насилство иницира/менува старателство, права на посета за заедничките деца или има конфликт во однос на контактот/старателството над децата, вклучително и непочитување на одлука за старателство;
4. Жената жртва на семејно насилство иницира/менува барање за алиментација за заедничките деца;
5. Жената има нов партнер;
6. Жената жртва на семејно насилство го менува местото на престој;
7. Жената пријавува следење или вознемирување од страна на сторителот, вклучително и несакани пораки или повици преку социјалните мрежи;
8. Жената пријавува дека партнерот инсистира да продолжат заедно да живеат и покажува љубоморно однесување;
9. Жената искажува страв или загриженост за својата безбедност или за безбедноста на своите деца или други членови на семејството.

Во периодот после инцидентот со семејно насилство, посебно внимание треба да се обрне на случаите во кои имало мерка за сторителот, особено ако мерката се однесува на одземање на оружје.

На крајот, службениците кои постапуваат по семејно насилство се клучни за документирањето на овие инциденти и активностите што се преземени во однос на присутното огненото оружје и/или оружјето што било злоупотребено. Поради тоа, темелното и редовно документирање на ваквите случаи е клучно за повикување на одговорност на сторителот и за спречување на понатамошно насилство.

**I** Дефинициите од ова поглавје се преземени од Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство.

**II** За повеќе информации, видете го Главниот извештај на ОБСЕ за Истражувањето за насилството врз жените. Извештајот ги претставува меѓурегионалните споредливи наоди на истражувањето на ОБСЕ за благосостојбата и безбедноста на жените, спроведено 2018 година во избрани јурисдикции на Југоисточна и Источна Европа. Истражувањето предводено од ОБСЕ вклучуваше квантитативна и квалитативна компонента и спроведено е со цел да се обезбедат споредливи податоци за различни форми на насилство кои жените ги доживуваат во детството и во текот на животот. Истражувањето изврши испитување на насилството на кое се изложени жените во конфликтни и пост–конфликтни средини, како и влијанието на насилството на жените и девојчињата, вклучително и трајните последици на таквото насилство. Поставувани е прашања за нормите и ставовите во однос на насилството врз жените за подобро да се разберат основните причинители на насилството.

**III** SecuriMeter 2023 – Истражување на јавното мислење за безбедноста, Регионален совет за соработка, 2023.

**IV** SecuriMeter 2022 – Истражување на јавното мислење за безбедноста, Регионален совет за соработка.

**V** Извор: Род и малокалибарско оружје во Југоисточна Европа, SEESAC, 2016 година.

**VI** Анализа на случаите на фемицид со огнено оружје (јуни 2017- јуни 2020). УНДП Србија, 2021.

**VII** Ibid.

**VIII** Водич за полиција за проценка на ризиците и управување со ризиците од насилство врз жени од интимен партнер, Европски институт за родова еднаквост, 2019 година.

CIP - Каталогизација у публикацији
Народна библиотека Србије, Београд

343.54./55
623.44

ПРИРАЧНИК за проценка и одговор на ризиците поврзани со злоупотреба на огнено оружје во семејно насилство / [уредници Јасминка Фришчиќ, Драган Божаниќ]. - Београд : UNDP SEESAC, 2024 (Белград : Биграф плус). - 48 стр. : илустр. ; 30 cm

Преведено према: Smernice za procenu i odgovor na rizike u vezi sa zloupotrebom vatrenog oružja u nasilju u porodici. - Тираж 50.

ISBN 978-86-7728-366-7

а) Породично насиље
б) Ватрено оружје -- Злоупотреба

COBISS.SR-ID 144427017

South Eastern and Eastern Europe Clearinghouse
for the Control of Small Arms and Light Weapons (SEESAC)

Bulevar Zorana Đinđića 64, 11000 Belgrade, Serbia
Tel: +381 11 415 5300
E-mail: seesac@undp.org
www.seesac.org

Funded by
the European Union

Working within the framework of: